# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр. 19/2022
## 01.11.2022 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за давање во владение на броила за електрични енергија од општина Неготино на ЈКП Комуналец Неготино**

Се објавува **Одлука за давање во владение на броила за електрични енергија од општина Неготино на ЈКП Комуналец Неготино,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **31.10.2022** година.

**Бр.09- 785/1**
**01.11.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на чл. 36 ст. 1 т. 10 од Законот за локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр. 05/2002) и чл. 79 ст. 1 т. 34 од Статутот на општина Неготино( Службен гласник на општина Неготино бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 16/14,13/20 и 3/22) , Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **31.10.2022** година ја донесе следната

## О Д Л У К А

### За предавање во владение на броила за електрична енергија од општина Неготино на ЈКП Комуналец Неготино

**Член 1**

Општина Неготино на ЈКП Комуналец Неготино во владение му ги предава следниве броила за електрична енергија :

- Место- Долни Дисан , сериски број на броило 71 363 933, број на корисник 100056461, категорија на приклучок LV2.
- Место- Пепелиште , сериски број на броило 50 529 751, број на корисник 007024350, категорија на приклучок LV1.2

**Член 2**

Врз основа на оваа Одлука помеѓу општина Неготино и ЈКП Комуналец Неготино ќе се склучи Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски на двете страни а во врска со предавање во владение на броилата за електрична енергија опишани во член 1 од одлуката.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на општина Неготино “ .**

**бр. 08-780/3**
**31.10.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

**СОДРЖИНА**

**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК 19/2022**

1. Заклучок за објавување на **Одлука за давање во владение на броила за електрични енергија од општина Неготино на ЈКП Комуналец Неготино**
2. **Одлука за давање во владение на броила за електрични енергија од општина Неготино на ЈКП Комуналец Неготино**